РЕФОРМИТЕ НАСПРОТИ ПРАВАТА

FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA
ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

# АНАЛИЗА НА СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ОДЛУКИТЕ НА ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА (ПЕРИОД 2013-2016)*

Анализата на спроведувањето на одлуките на Европскиот суд за човекови права (период 2013-2016) претставува продолжение на претходно направена анализа под наслов „Пресудите (треба да) се имплементираат - анализа на имплементацијата на пресудите на Европскиот суд за човекови права во Република Македонија" (која го опфати периодот од почетокот на обврската за Република Македонија до крајот на 2012 година).

## ПРЕПОРАКИ НА ЕСЧП ЗА ПЕРИОДОТ ДО 2012 ГОДИНА

Во однос на Република Македонија, препораките на Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП) за периодот до 2012 година упатуваат на **потребата од бројни промени на закони и подзаконски акти** поврзани со овие препораки.

**ПРЕПОРАКИТЕ СЕ ОДНЕСУВААТ НА ИНТЕГРАЛНОТО СМЕТАЊЕ НА РОКОВИТЕ, НЕАКТИВНОСТА И НЕКОНЗИСТЕНТНОСТА НА СУДОВИТЕ, ДЕКЛАРАТИВНОТО НОСЕЊЕ ЗАКОНСКИ ИЗМЕНИ, СЕРИОЗНИОТ НЕДОСТАТОК ВО ПРАВНИОТ СИСТЕМ, ПОТРЕБАТА ОД ВОВЕДУВАЊЕ ПРЕЦИЗНИ ПРОЦЕДУРИ ЗА НЕЗАВИСНА ИСТРАГА, ОДРЕДБИ ЗА СУДИРОТ НА ИНТЕРЕСИ И ВЛИЈАНИЈА, ПОТРЕБАТА ОД ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА СУДСКИТЕ ОДЛУКИ, ОТСУСТВО НА ЕФЕКТИВЕН ПРАВЕН ЛЕК, ВОСПОСТАВУВАЊЕ ПРАВИЛА ЗА ПРИФАЌАЊЕ НА ДОКАЗИТЕ, ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ПРИТВОРОТ КАКО ПОСЛЕДНА МЕРКА И ПРЕПОРАКИ ВО ВРСКА СО СЛОБОДА НА ИЗРАЗУВАЊЕ КАКО СУШТИНСКИ ЕЛЕМЕНТ НА ПЛУРАЛИЗМОТ.**

* овој текст ги претставува сумарните наоди и препораки на анализата која во целосна верзија е достапна тука

# ПРЕПОРАКИ НА ЕСЧП ЗА ПЕРИОДОТ 2013 - 2015 ГОДИНА

И покрај овие препораки на ЕСЧП, во периодот 2013-2015 се направени **многу мал број промени во релевантните закони** кои се поврзани со препораките дадени во пресудите на Судот. Отсуството на релевантни законски промени со кои се адресираат овие проблеми, претставува индикатор за неефикасното работење на Комисијата.

И покрај тоа што ЕСЧП во своите одлуки упатува на потреба од законски промени, во овој период не се променети ниту Законот за јавно обвинителство, ниту Законот за судовите. Направени се промени во законите за парнична и кривична постапка, Кривичниот законик и Законот за полиција, и, донесени се два нови закони кои можат да бидат ставени во контекст на препораки дадени во одлуките на ЕСЧП, а тоа се Законот за одредување на видот и одмерување на висината на казната и и Законот за советот за утврдување на факти и покренување на постапка за утврдување одговорност за судија.

# ПОВТОРЕНИ И НОВИ ПРЕПОРАКИ И ЗАБЕЛЕШКИ НА ЕСЧП

Доколку се погледнат препораките и забелешките дадени од страна на Судот и законските промени во периодот кој следи после тие препораки може да се дојде до заклучок дека промените многу малку ги следат препораките. ЕСЧП во пресудите од периодот 2013 - 2016 година дава **повторени и нови препораки и забелешки.**

**ВО ОВИЕ ПРЕПОРАКИ, ДОПОЛНИТЕЛНО, СЕ ИДЕНТИФИКУВА ВРХОВНИОТ СУД КАКО ИЗВОР НА ПРАВНА НЕСИГУРНОСТ, СЕ ПОСОЧУВА ПРОБЛЕМОТ НА ЛИШУВАЊЕ ОД СЛОБОДА ПОРАДИ ДОЛГ И СЕ УКАЖУВА НА НЕДОСТАТОКОТ НА СООДВЕТНА ОШТЕТА ВО СЛУЧАЈ НА ПРОТИВПРАВНО ЛИШУВАЊЕ ОД СЛОБОДА И НА НЕДОСТАТОКОТ ОД УСНА РАСПРАВА.**

# МЕЃУРЕСОРСКАТА КОМИСИЈА РАБОТИ НЕЕФИКАСНО – ПОТРЕБНО Е ТЕЛО СО ПОГОЛЕМА НЕЗАВИСНОСТ

Во периодот од 2013 година до денес направени се неколку институционални промени во структурите кои се бават со извршувањето на одлуките на ЕСЧП. Најголеми промени претрпува Меѓуресорската комисија. Една од клучните надлежности на Меѓуресорската комисија е да ги идентификува проблемите посочени во одлуките на ЕСЧП или пак поврзани со спроведувањето на овие одлуки, да иницира промени во законите и понатаму да го следи менувањето. Отсуството на релевантни законски промени со кои се адресираат овие проблеми, претставува индикатор за неефикасното работење на Комисијата.

**ВО ТАА СМИСЛА, ПОТРЕБНО Е СЛЕДЕЊЕ И РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРЕПОРАКИТЕ НА ЕСЧП ЗА ФОРМИРАЊЕ ТЕЛО ЗА СЛЕДЕЊЕ НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА ПРЕСУДИТЕ НА ЕСЧП КОЕ ЌЕ ИМА ПОГОЛЕМА НЕЗАВИСНОСТ И САМОСТОЈНОСТ ВО ДЕЛУВАЊЕТО И ТРАНСПАРЕНТНОСТ И ИНФОРМИРАЊЕ НА ЈАВНОСТА ЗА МЕРКИТЕ КОИ СЕ ПРЕЗЕМААТ ВО ВРСКА СО ИМПЛЕМЕНТИРАЊЕТО НА ПРЕПОРАКИТЕ НА ЕСЧП, ПОСЕБНО ВО ОДНОС НА ОПШТИТЕ МЕРКИ НАСОЧЕНИ КОН НОРМАТИВНИ ПРОМЕНИ.**

# БИРОТО НЕ ГО ПОСОЧУВА ПРОБЛЕМОТ СО ДОЛГОТО ТРАЕЊЕ НА ПОСТАПКИТЕ

Во периодот од 2013-2016 година Бирото за застапување на Република Македонија пред ЕСЧП има поднесено **три извештаи** во кои се дадени статистички податоци и квалитативни процени за работењето на Бирото и постапувањето во врска со донесените одлуки на ЕСЧП. Владиниот агент во извештаите **воопшто не се задржува на континуираниот проблем на долго траење на постапките**. Нема посебни извештаи за извршувањето на одлуките на ЕСЧП во кои би биле дадени информации не само за обесштетувањата туку и за поединечните и посебните мерки кои се спроведени од страна на надлежните органи.

**ИЗВЕШТАИТЕ НА ОРГАНИТЕ НАДЛЕЖНИ ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ПРЕСУДИТЕ НА ЕСЧП, ТРЕБА ДА СОДРЖАТ СУШТИНСКИ ИНФОРМАЦИИ ЗА ДАДЕНИТЕ ПРЕПОРАКИ И НАСОКИ, АНАЛИЗИ КОИ ЌЕ ЈА ОТСЛИКААТ РЕАЛНАТА СИТУАЦИЈА СО ПОВТОРУВАЊАТА НА ОДДЕЛНИ ПРЕКРШУВАЊА НА ЕКЧП, ИНИЦИЈАТИВИТЕ ЗА НОРМАТИВНИ И ПРАКТИЧНИ ПРОМЕНИ И НАПРЕДОКОТ НА ДРЖАВАТА ВО ЗАШТИТАТА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА И СЛОБОДИ**

# ПРЕПОРАКИ

Во таа насока, неопходно е воведување на принципот **„единство на постапките“**, според кој како интегрален дел на судската постапка ќе се сметаат и претходните и извршната постапка. Можноста за неограничен број „враќања“ на постапката на решавање на понизок суд, исто така остава простор за продолжување на траењето на постапката и ја доведува во прашање ефикасноста на правната заштита која им стои на располагање на граѓаните.

Потребно е воведување на принципот **„ограничено враќање“** од суд со повисок кон суд со понизок ранг, а на подзаконско ниво неопходно е воведување на **принципот „нареден ден“** кој обезбедува продолжување на главната расправа во најкраток можен рок.

Потребно е **менување на процесните закони** во сферата на правилата за прибирање, испитување и прифаќање на доказите и правилата за избор на сведоци и нивно сослушување. Исто така, потребни се и **промени во законската регулатива која си применува при истраги на случаи кога е индицирана тортура**, односно, повреда на членот 3 од ЕКЧП.

Дополнително потребни се промени во законската регулатива, а посебно Законот за полиција во врска со утврдувањето на **професионалните стандарди, соодветната обука, регрутирање и селекција**, како и систем на одговорност.

# ПРЕСУДИТЕ НА ЕСЧП ПРОТИВ РМ ЗА ПЕРИОДОТ 2013-2016 ГОДИНА

Пресудите на ЕСЧП во голема мера можат да помогнат, како во идентификувањето на системските слабости и воспоставувањето на нови релации меѓу одделни правосудни структури, правосудните органи и другите државни органи и цивилното општество како еден од контролните механизми.

Во периодот 2013-2016 година, ЕСЧП донел пресуди против Република Македонија кои се однесуваат на повреди на членовите 2, 3, 5, 6, 8 од Европската конвенција за заштита на човековите слободи и права и повреда на членот 1 од Протоколот бр. 1 на Конвенцијата.

## 1] *Предмети во кои се најдени повреди на членовите 2 и 3 од Европската конвенција за заштита на човековите права и слободи се:*

Китановски против РМ (Полициска злоупотреба и загрозување на животот), Хајрулаху против РМ (Тортура и изнуда на исказ), Андоновски против РМ (Експресна осуда поради физичката пресметка со полицискиот службеник и негов сосед) Аслани против РМ (Полициска злоупотреба) и Илиевска против РМ (Ставање на лисици и примена на физичка сила при транспорт на пациентка во болница).

## 2] *Предмети во кои е констатирана повреда на членот 5 од Европската конвенција за заштита на човековите права и слободи се:*

Велинов против РМ (Прекршочна казна за сообраќаен прекршок, а паричната казна иако платена, била заменета со казна затвор) и Миладинови против РМ (Долготраен притвор којшто до донесување на првостепената пресуда, траел околу една година).

Карактеристика на случаите и пресудите: **КАРАКТЕРИСТИЧНО ЗА ПРЕДМЕТИТЕ КОИ СЕ ОДНЕСУВААТ НА ПОВРЕДИТЕ НА ЧЛЕНОВИТЕ 2, 3 И 5 ОД КОНВЕНЦИЈАТА СЕ ПРЕКРШУВАЊАТА НА ПРОЦЕДУРАЛНАТА ОБВРСКА ЗА ДРЖАВАТА ЗА ЕФИКАСНА ИСТРАГА, СИЛЕН ТРЕНД НА ЗАЧЕСТЕНАТА ПОВРЕДА НА КОНВЕНЦИЈАТА КОЈ СЕ ОДНЕСУВА НА ЗАГРОЗУВАЊЕ НА ЖИВОТ СО НЕОПРАВДАНА УПОТРЕБА СМРТОНОСНА СИЛА И МАЛТРЕТИРАЊЕ И НАВОДНИ ИСТРАГИ НА ЗЛОУПОТРЕБИТЕ И ПРЕЧЕКОРУВАЊАТА НА СЛУЖБЕНИТЕ ОВЛАСТУВАЊА КОИ СЕ ОДОЛГОВЛЕКУВААТ ДО НИВО НА АПСОЛУТНА ЗАСТАРЕНОСТ.**

## 3) *Предмети во кои е констатирана повреда на членот 6 од Европската Конвенција за заштита на човековите права и слободи се:*

Пападакис против РМ (Неможност на одбраната да го испита и да се соочи со клучниот заштитен сведок); Балажоски против РМ (Нарушување на правна сигурност бидејќи Врховниот суд ја отфрлил како недозволена ревизијата); Стоилковска против РМ (Надомест на штета на својот работодавач по принцип на објективна одговорност што не било случај во други пет идентични предмети); Илјази против РМ (Пресуда врз основа на индиректни докази, без воопшто да бидат изведени исказите на сведоците на одбраната); Душко Ивановски против РМ (Недостаток на правичност заради несослушување на сведоци предложени од одбраната како и заради недостаток на објективна непристрасност); Митриновски против РМ (Недостаток на непристрасност во постапката за разрешување од страна на Судскиот совет); Попоски и Дума, Јашкоски и Трифуновски и Геровска-Попчевска против РМ (Недостаток на непристрасност во постапката за разрешување од страна на Судскиот совет); Николова против РМ (Долго траење на вонпарнична постап-

ка за определување надоместок за експроприрано земјиште); Ефтимов против РМ (Долготрајна кривична постапка против апликантот во врска со лекарска грешка) Миткова против РМ (Долго траење на управната постапката во врска со надомест на трошоци за лечење во странство и отсуство на јавна расправа права пред Управниот суд и Ивановски против РМ (Процедура од аспект на фер судење во целина во врска со лустрациската постапка и одлука)

Карактеристика на случаите и пресудите: **ЕКЧП ПРОДОЛЖИ СО УТВРДУВАЊЕ ПОВРЕДИ НА РАЗЛИЧНИ АСПЕКТИ НА ЧЛЕНОТ 6 ВО ПРЕДМЕТИ ОД НАЈРАЗЛИЧЕН ВИД И ПРОБЛЕМАТИКА. ПОВРЕДИТЕ НА ПРАВОТО НА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ ВО СИТЕ НЕГОВИ АСПЕКТИ СЕ И НАЈЗАСТАПЕНИ ВО МАКЕДОНСКИТЕ ПРЕДМЕТИ ПРЕД СТРАЗБУР. КАРАКТЕРИСТИЧНО ЗА ОВИЕ ПРЕДМЕТИ Е ШТО ВО НИВ ЧЕСТО ПАТИ СЕ УКАЖУВА НА ПОТРЕБАТА ОД ПОВТОРУВАЊЕ НА ПОСТАПКАТА КАКО ПОЕДИНЕЧНА МЕРКА ПРЕКУ КОЈА ВИСТИНСКИ И ДОСЛЕДНО ЌЕ СЕ ИЗВРШИ ПРЕСУДАТА ВО ОДНОС НА АПЛИКАНТОТ КОЈШТО Е ДИРЕКТНО ЗАСЕГНАТ СО НЕА.**

## 4] *Предмети во кои е констатирана повреда на членот 8 од Конвенцијата:*

Поповски против РМ (Прекршување на позитивната обврска на државата да даде ефективна заштита на репутацијата на жалителот); Митови против РМ (Прекршување на на позитивните обврски во врска со контакт правата на таткото за контакт со своето дете) и Ивановски против РМ ( Во првата пресуда за лустрација, во која покрај повреда на членот 6, најдена е повреда и на членот 8, бидејќи лустрацијата предвидувала премногу широко ограничување на можноста за вработување на жалителот)

Карактеристики на случаите и пресудите: **ВО ОВИЕ СЛУЧАИ, ПОКРАЈ ДРУГОТО, СЕ ОДРАЗУВААТ И КАКО ПОВРЕДА НА ПРАВОТО НА ПРИВАТЕН ЖИВОТ, НЕЗАВИСНО ДАЛИ Е ТАА ПОВРЕДА НАПРАВЕНА ОД САМАТА ДРЖАВА ИЛИ ДРУГИ ПОЕДИНЦИ А ДРЖАВАТА НЕ СЕ СПРОТИВСТАВИЛА НА ТАКВАТА ПОВРЕДА.**

## 5] *Предмети во кои е констатирана повреда на членот 1 од Протоколот бр. 1 на Конвенцијата се:*

Стојановски и др. против РМ (Постапка за денационализација и оневозможено враќање во сопственост) ; Арсовски и др. против РМ (Повреди на сопственичките права при експропријација); Андоноски против РМ (Одземање на сопственост на возило) и Митевски против РМ (Плаќање на закупнина за поранешен општествен стан којшто во меѓувреме бил приватизиран)

Карактеристики на случаите и пресудите: **КАРАКТЕРИСТИЧНО ЗА ОВИЕ СЛУЧАИ Е ПРЕКРШУВАЊЕТО НА ПРАВОТО НА СОПСТВЕНОСТ И НАЈНОВИОТ ПЕРИОД ВО РАБОТАТА НА ЕСЧП КОГА СЕ МАКЕДОНСКИ ПРЕДМЕТИ ВО ПРАШАЊЕ, ИЗВЛЕКУВА НА ПОВРШИНА АКТУЕЛНИ ЗАДИРАЊА ВО ПРИВАТНАТА СОПСТВЕНОСТ, ШТО ВООПШТО НЕ БЕШЕ КАРАКТЕРИСТИКА ЗА ПЕРИОДОТ ДО 2013-ТА ГОДИНА, ОСВЕН ВО КОРЕЛАЦИЈА СО ДИСОЛУЦИЈАТА НА СФР ЈУГОСЛАВИЈА.**